**Општина Охрид**

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Бр.09-2650/2

Охрид,01.03.2026 год.

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и 202/24) и член 34 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20),а во врска сочлен 27 став (5) и член 50од Законот за урбанистичко планирање(„Сл.Весникна РСМ“бр.32/20,111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Градоначалникот на Општина Охрид, упатува:

# ПОВИК
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за**
**Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3,**
**Општина Охрид,**
**2022-2027**

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето на опфатено со планот, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, на единиците на локалната самоуправа, на институции надлежни за заштита на недвижното културно наследство, комуналните претпријатија и претпријатијата чијашто дејност е од јавен интерес, како и научно-стручните институции од сите области суштествени за планирањето и планскиот опфат, стручни лица од невладините организации и други физички лица што се стручни од областите релевантни за планирањето, дека Општина Охрид организира јавна анкета и јавна презентација за **Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3, Општина Охрид, 2022-2027**, со тех. бр. 53/20-22 од декември 2025 год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар.

## Граници на плански опфат
Планскиот опфат е со површина од **6,25 ха,** а неговата местоположба е дефинирана во границите на:

- станбена улица "Никола Карев"
- станбена улица "Лазо Трпоски"
- сервисна улица "Ванчо Питошески"
- станбена улица "Мирче Ацев"
- станбена улица "Галичица"
- сервисна улица "АСНОМ"

## Јавната анкета

Јавната анкета на **Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3, Општина Охрид, 2022-2027**, со тех. бр. 53/20-22 од декември 2025 год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар, ќе трае од **19.03.2026 до 20.04.2026 год.** Во времетраење на јавната анкета стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на Општина Охрид.

Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози,забелешки и мислења можат да ги доставаат на анкетни листови во хартиена форма или електронска форма додека трае јавната анкета, .

Општина Охрид

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

## Јавнапрезентација

Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на Општина Охрид на ден **07.04.2026 год.**со почеток во**12.00часот**

## Достап до информации

Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица, планот освен на електронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе биде објавен на web страната на Општина Охрид, а Повикот за организирање на повторената ЈА и ЈП ќе биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам во делот на огласи, на веб-страната на општината, со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.



ГРАДОНАЧАЛНИК
Кирил Пецаков

KIRIL PECAKOV
Digitally signed by KIRIL PECAKOV
Date: 2026.03.04 09:53:26 +01'00'